# Акварелијада '97

**ЛИКОВНА КОЛОНИЈА “ДРАСЛАЈЦА 97” 02. VII - 13. VII 1997**

- Милошески Љубомир р. 1974 г. с. Драслајца - Струга
- Шиплиќ Дарко р. 1975 г. Кавадарци
- Михаилов Аспарух р. 1974 г. Кочани
- Лозаноски Димче р. 1975 г. Кичево
- Дунимаглоска Весна р. 1976 г. Битола
- Тимчевски Слободан р. 1974 г. Куманово
- Алексоски Златко р. 1974 г. Прилеп

Сите студенти на ФЛУ III г. во Скопје

Досегашни колонии:

- с. Ложани - Струга 1994
- Кочани 1994
- с. Драгоманце - Куманово 1995
- с. Ложани - Струга 1995
- с. Драгоманце - Куманово 1996
- с. Драслајца - Струга 1996
- Кичево 1997

Заеднички изложби:

- “Струшко лето” - Дом на културата 1996 г. - Струга
- “Млади хераклејски вечери” - галерија “Моша Пијаде” 1996 г. - Битола

Како што Бог го создавал светот, исто така Уметникот го креира своето уметничко дело... Тоа е еден и ист акт... Тоа е еден и единствен начин на кој човекот се приближува до Бог.

Вечно пламети стремежот кај уметникот да ја еманира својата природа, сопствените најдлабоки духовни превирања, сопствената интенција да се дофати бесконечноста и безвременоста низ една конечна форма, на еден специфичен, сопствен, начин - преку уметничкото дело.

Различни се патиштата кои го водат уметникот во себеостварувањето, во духовното себеобјективирање. Во историјата на уметноста ние нив ги нарековме: реалистички, импресионистички, експресионистички, или фовистички. Ние и во делата на овие уметници ќе откриеме експресионистички влијанија, фигуративно претставување или апстрактен експресионизам. Но во основата на нивното ликовно изразување ќе откриеме дека како главна и единствена одредница лежи трагањето по личната форма, апстрахирана од било какви психолошки, социолошки, односно вонуметнички влијанија апстрахирана од било каква наративност - трагање кон чистата, апстрактна ларт-пурлартистичка, форма, но колку и да звучи парадоксално - толку лична, толку животна, толку експресионистичка дури и фигуративна. Нивниот уметнички жар далеку ја надминува потребата од просто имитирање на природата, дури и на сопствената. Од нивните дела извира чистата ликовна енергија, сама по себе. Нивното творење е чин на моментална презентација, потполна креација на сопствениот дух, кој објективирајќи се во уметничкото дело, се откинува, отуѓува од уметниковата личност и се здобива со еден сопствен живот, продолжувајќи да живее самостојно, претставувајќи еден просторно - временски пункт, пред кој, застанувајќи, сите ние ја добиваме можноста да погледнеме далеку во трансцендентните простори, кои зрачат од него и постојано ни ја осмислуваат уметниковата задача на овој свет и го прават нашето опстојување подуховно и поблагородно.

Но нивната работа не се исцрпува тука. Тоа ни го докажа досегашното 4 - годишно активно работење во уметноста во нивните самостојни колонии, тоа ги задолжува и за натамошно трагање низ ликовниот јазик на уметноста и во иднина. Нивната потрага е вечна и никогаш нема да запре. Постојано ќе партиципираат во општата човекова желба да се дофати боженственото, што низ актот на создавањето тоа и им успева.

Сашо Талевски



МИЛОШЕСКИ ЉУБОМИР - Масло на платно (160 x 160)



ТИМЧЕВСКИ СЛОБОДАН - Масло на платно (80 x 100)



ШИПЛИЌ ДАРКО - Масло на платно (130 x 150)



МИХАИЛОВ АСПАРУХ - Масло на платно (130 х 150)



ДУНИМАГЛОСКА ВЕСНА - Масло на платно (80 x 100)



ЛОЗАНОСКИ ДИМЧЕ - Масло на платно (100 x 120)



АЛЕКСОСКИ ЗЛАТКО - Масло на платно (45 x 60)

СПОНЗОРИ:

- ОУ "Климент Охридски" - с. Драслајца - Струга
- Дом на културата - Струга
- Фото студио "Стефчо" - Струга
- "ДатаПонс" - Скопје

DataPons